БИЛТЕН Бр. 4

# 42

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# ПРИЛЕП

07.06.2007

# За Фестивалот:





***ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ,***
***претседател на Парламентот:***
***- Сакам да им порачам на младите дека ако не финансираат своја култура ќе финансираат туѓа... Во овој момент не сум многу повикан да кажам каде оди македонскиот театар, оти сега сум ретко во него, но во секој случај театарот останува една од ретките вредности во државата. Државата нема за цел да финансира само во определена област од културата, туку ќе ја финансира културата оноклку колку може, но како ќе одат стимулациите во одредени културни сегметни тоа е работа на културните работници.***

***САШО ОГНЕНОВСКИ, актер***
***Мислам дека овој 42 -ри фестивал отвори многу интересна гама прашања но понуди и добри претстави. Фестивалот не само што си ја изврши својата функција, туку тој функционираше крајно паметно во организациона смисла и донесе нов бран на нови концепти, нови режисери, нови видувања и актери кои допрва имаат што да кажат на сцената.***

# ДЕНОВИ НА ВОЗВИШЕНИ ЧУВСТВА

Сега, кога се спушта завесата на 42-от фестивал "Војдан Чернодрински", уште еднаш ја допираме потврдата дека светот на Театарот е убав само тогаш кога е цел. Впрочем, слично како и се што било, и се што ќе биде, од овие денови, до векутума некаде во недогледноста на постоењето... И се дотогаш ќе постои жедтта да се сочува битот, да се држи во тајна онаа нитка што ни ги соединува световите, а тоа е Театарот. Тоа е храмот на Талија, тоа е посоката преку размисла да се допре возвишеноста на мудриот извор во кој се таи мудроста на оној што знае се за летањето и постоењето. И, не е нескромно акоречеме дека во овие седум изминати дена, во дружба со актерите, со режисерите, со драматурзите, со се она што го сочинува Театарот како колективна уметност - доживеавме творечка интима. Со настаните на сцената кои допреа до нас. Соживеавме, почувствувавме блискост со најоригиналните авантури на европските театри и преткажувања за општествената потреба на театарот - како потреба на човекот. Тоа значи дека Театарот се враќа на своето извориште - животот. (Така било и така ќе биде, тврдеше во своето учење Станиславски). Во животот Театарот го наоѓа својот зародиш. Преку него се враќа на својата просветителска мисија, водејќи го општеството кон убавините на постоењето. Оттука, логично е да се залагаме, безрезервно, за нови театарски зафати и преку нив да го издигаме фестивалот "Војдан Чернодрински" до нови значења. Да овозможиме преку фестивалот да воспоставиме мост со европските метрополи, да се сретнеме со европските истомисленици и замисленици за идните постапки на човекот. Тоа е она за што сонуваше во младоста човекот што си постави задача да го засмее светот - Чарли Чаплин. Тоа е она кое ќе го сонуваат десетици млади актери што деновиве имавме можност да ги видиме на сцената. Театарот е зближување. Во негово име и со восхит да се видиме и догодина!

## Разговор за повод со МАРИН БАБИЌ

# ФЕСТИВАЛОТ ДА ГО СТИМУЛИРА ТЕАТАРОТ

### - Глумците добро глумат, но и убаво пеат



**Б.** ***Што значи манифестацијата "Глумците пеат" за актерите?***
**М.Б.** Самата манифестација заначеше, значи и се надевам дека многу ќе значи за актерите. За нив значи да покажат дека умеат и знаат да пеат и да танцуваат (тоа за веќе етаблираните глумци), а за младите се уште не покажани како една отскочна штица за лична афирмација. Тоа ни се потврдило. На пример, пред неколку години кога Васил Зафирчев настапи на манифестацијата, сите прашаа: Кое е тоа момче? Потоа на Васил кариерата му тргна по нагорна линија. Можеби е совпаѓање, зашто сигурно дека неговиот личен труд и талент си го направиле своето, но малку , веројатно му се олеснила работата. Но, има и такви што не ја искористија својата шанса. На крајот на краиштата, манифестацијата е убав начин да се прослави светскиот ден на театарот.

**Б.** ***Има ли шанса манифестацијата да добие меѓународна афирмација?***
**М.Б.** Мојата првична идеја беше манифестацијата да биде балканска. Да се појавува по еден претставник од сите центри. на петтата од 14 те години колку што се одржаа тоа го направивме. Но финансискиот момент не принудува да не каниме гости. Дури имаме проблем глумци да донесеме од внатрешноста на Македонија, а камоли да дојдат од Тирана, Атина, Истанбул, Белград...

**Б.** ***Актерот Марин Бабиќ и театарот...***
**М.Б.** Многу души помислија дека тоа се две различни работи. Но тоа е едно. И Марин Бабиќ и театарот. Заедно прават синтеза. Се надевам дека сите овие години, ако ги исклучиме последните 7-8 кога не работев во театарот поради лични причини и несогласувања со естетиката и етиката во театарот, задоволството е двострано.
Направив обид и минатата година се вратив во театарот. Добив покана од Слободан Унковски во "Демонот од Дебар маало" која со задоволство ја прифатив. Ми беше напорно по толку години неработење за да се вратам во лабораторијата наречена театар, но балгодарение на Унковски и на неговуиот педагошки приод кон глумецот и големото знаење кое тој го поседува во односот како треба да се работи со глумците, сметам дека направивме успешна престава. И штом се појават сличен проект и режисери кои знаат и умеат да го направат тоа, со задоволство ќе прифатам. Инаку, не сакам да работам со случајни минувачи во театарот, ниту на случајни текстови.
**Б.** ***Колку радиоводителството е замена за актерството и има ли релацијата меѓу радиопубликата и театарската?***
**М.Б.** Радиоводителството, во принцип, им припаѓа на глумците. Секаде во светот тоа го работат глумци. Глумците одлично размислуваат кога е во прашање

публиката, потоа за разлика од другите радиоводители, знаат да "дишат", знаат што е логичен акцент и, секогаш знаат да одглумат добро расположение и кога не се тие расположени. Со публиката наречена радиослушатели е далеку поедноставно да се воспостави флуидот, додека публиката во театарот е многу немилосрдна и знае секој кикс жестоко да го казне. Во театарот треба да се биде многу попретпазлив, многу поподготвен, отколку пред микрофонот. Не го потценувам микрофонот зашто тука, пак, има друга проблематика: треба да се подготвиш добро за да одговориш на прашањата на слушателите зашто може да те фатат во стапицата на незнаењето. Секогаш треба да бидеш подготвен за темите за кои комуницираш со нив. Е тука е сличноста со театарот. Подготвеноста на сцената да се комуницира со публиката и подготвеноста на радиоводителот да комуницира со слушателите како негова радиопублика. И едното и другото треба да биде на еднакво, високо професионално ниво.

**Б.** ***Што сакате да гледате во македонскиот театар и обратно, што не сакате да видите во него?***

**М.Б.** Сакам да гледам претстави како "Четвртата сестра". Не е ова локал-патриотизам. Во народниот театар "Војдан Чернодрински" отидов да гледам една претстава за која имав лоши предзнаења. Дека претставата е лоша и долга, дека режисерот ништо не направил... Но, кога седнав да ја гледам претставата, не излегов ниту еднаш, а верувајте ми, на други претстави си отидов зашто токму такви претстави не сакам да гледам. Сакам да гледам претстава која мириса на театар. Кога ќе се крене завесата и кога ќе се изгаснат светлата и кога ќе почне да се случува чинот на сцената, тогаш флуидот преминува на мене. Јас враќам со тоа што ја следам претставата. Глумците тоа многу добро го сфаќаат.Се создава симбиоза меѓу публиката и глумците што дава добар плод. Јас сум од генерацијата глумци кои сакаат да гледаат добри, убави, квалитетни театарски претстави. Токму затоа, за некои претстави сметам дека припаѓаат на ОФФ програмата, на некој алтернативен фестивал со алтернативна драма. нека одат на друг фестивал.

**Б.** ***Во контекст на ова, што му посакувате на Фестивалот?***

**М.Б.** На фестивалот му посакувам да ги стимулира театрите, да го имаат "Војдан Чернодрински" како императив за нивното егзистирање во текот на годината. Обврската на Фестивалот е да му покаже на театарот дека ова е значајна манифестација, единствена од ваков вид каде што треба да се разграничи дали е театарски фестивал или друштво на писатели. Многу простор се остава за драмските текстови, порано се праве грешка кога биенално се посветуваше на домашната драма. тоа не треба да се прави, оти актерот што добро одиграл во претстава на странски автор ќе биде онеправдан и во подредена ситуација со актерот кој играл во домашна драма. Драмските текстови не се пресудните за овој фестивал. Овој фестивал е посветен на театарот, на глумците, на сите "нус" појави: плакатот, музиката, сценографијата, костимите, на епизодната, на главната улога, на режијата.





**Г л е д а в м е :**

Драмски театар - Скопје
**“Македонски рулет”**
Од Љубиша Георгиевски

***Режија:*** Сашо Миленковски
***Сценографија, костими, дизајн на плакат и програм:***
Тихомир Спировски
***Асистент на костимографот:***
Раде Василев
***Музика:*** Горан Трајковски
***Асистент на режија:***
Драгана Милошевска

**Играат:**

Сенко Велинов, Игор Стојчевски, Јелена Галевска, Диме Илиев, Ѓорѓи Тодоровски, Билјана Беличанец-Алексиќ, Зоран Љутков, Васил Зафирчев, Гоце Тодоровски, Ванчо Петрушевски, Ѓокица Лукаревски, Роберт Вељановски, Рубенс Муратовски, Душица Стојановска, Петар Темелковски, Анастас Тановски, Гораст Цветковски и Борче Начев.

**Одблиску за претставата:**

САШО МИЛЕНКОВСКИ, режисер: Прво што направивме е тоа што го сменивме жанрот. Од филмско сценарио текстот го претворивме во драма. Со една многу едноставна интервенција: главниот јунак Јане е од денешно време, едно "безобразно копиле" од населбата Аеродром кој се буди во првата Светска војна на фронтот .По патот станува маже и на крајот станува мажиште.Значи, ја добиваме главната матрица за драма. Главниот херој наидувајќи на препреките, ги совладува.Така претставата жанровски ја определивме како драма. Користевме и други изразни средства. Обликувавме сецнографска целина, не менував многу декор, помина со интервенции во светлото кое го направивме да не биде фронтално. Ова прв пат го користам и целата претстава е како Караваџо, со упадни светла. Играв многу со сенки, користев многу чад, пукање, затоа што станува збор за војска.

**Актерите за претставата:**

СЕНКО ВЕЛИНОВ, актер: Ликот на Мустаќот е се она што го содржиме во нашиот генетски код. Она што сакавме во претставата да го прикажеме е како еден млад човек од 21 век кај кого тој ген се буди. Предокот му се јавува и го внесува во она што се нарекува македонска суштина. Прв пат ја играме претсавата надвор од Драмски театар и игравме пред "пријателска публика" овде во Прилеп. Освен тоа, темата е токму одовде, од мариовскиот крај. Едноставно, мислам дека претставата си дојде дома.

ИГОР СТОЈЧЕВСКИ, актер: Јане тргнува како човек кој го има загубено идентитетот. Тој е човек кој од различни причини ги има прекинато врските со традицијата со историјата и со она што значи да се биде македонец.Поминувајќи го тој пат, целата негова голгота на крајот го прават човек кој сам стои на своите нозе и не се срами гордо да каже дека е македонец.Тоа е човек кој ја прифаќа својата

историја и не се срами од неа и покрај сите страдања кои ги има македонскиот народ. Овде и на оваа сцена ми требаше време да се приспособам на просторот зашто е малку поинакво од она што го играме во Драмскиот театар. Публиката реагираше поинаку и поразлично од скопската, но сепак на вистинските места. Многу работи полесно допираат до прилепската публика. Задоволен сум и го дадов максимумот.
ВАНЧО ПЕТРУШЕВСКИ, актер: Оваа претстава ја отсликува тежината на народите кои што живееле и се бореле на овие простори. Во тие војни учествувале точно 24 војски, и на овој простор ги дале своите животи, не знаејќи дури и каде се наоѓаат, а да не зборуваме за народот кој живеел на овие простори и сето тоа го почуствувал. Значи, има гробишта во Македонија од многу народи.Оваа претстава во суштина е вистински погодок и е како театарски филм точно за збиднувањата на Балканот од тоа време.
БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ - АЛЕКСИЌ, актер: Иако играм само една сцена , начинот на кој играм и начинот на кој Сашо Миленкоски ја режираше сцената, мислам дека Донка е Македонија. Метафората е јасна. Се она што се случува како дејство во претставата е сублимирано во една сцена преку два-три лика. Во таа сцена не мора де се војските сите на број , доаѓаат по еден. Клучна е репликата на Јане кој вели: Гледаш што и се случува на Македонија.
ЈЕЛЕНА ГАЛЕВСКА, актер: Ја играм Света Петка. Таа е симбол и тоа се кажува.ј Јас сум жната спасителка и миг во претставата. Света Петка треба да не спаси сите нас.

**Публиката за претставата:**

- Интересна обработка на една тема која се провлекува од далечната прва светска војна до денеска. Многу интересни решенија има Миленковски, а како круна на сето тоа актерите прекрасно си ја извршија својата задача. Сенко е генијалец а и другите актери не смеат да се заборават, како и Билјана Беличанец која прекрасно си ја одигра својата улога.
- Претставата комплетно многу ми се допадна. Имаше добра сценографија. Ми се допаднаа режијата и актерската игра.
- Прекрасна претстава и многу ми е жал што дел од актерите нема да влезат во конкуренцијата за награда зашто тоа го побараа од жирито.
- По толку години ми се случува да имам вонредно доживување гледајќи ја претставата и да излезам од театарска претстава со такви силни впечатоци. Воодушевена сум и од сценографијата, а особено од играта на Сенко Велинов кој беше главен двигател на целото дејство и на претставата и даде посебен белег.





**НА ДУШКО ГЕОРГИЕСКИ**

Стокмен во чизми од сто
милји,
Залудо е да ти го следам
патот:
дадика во Куманово си,
дадика на сцена,
дадика во Скопје со
камера го меркаш нашето
време.
Но, ако таму не си - овде
во Прилеп си со насмеана
лика.
Горд, со исправена става
шеткаш,
документарец ти се раѓа
во твојата глава -
можеби за Аче,
за глумецот Блаже,
за Зафирот - за Јончета
Дрцко -
или за Марка Крале и
неговите кули.
За Петлески Ордан ,
за Лазески Боро,
О Боже!
Љубен Димкар за тебе
јавува од Љубљана.
Натаму те навела некоја
трага заедно со Дурло,
заедно со мадам Кошир,
со господата од
културната фела словиш и
ги каниш тука -
во Македонија,
во Охрид,
на Беласица, Бистра и
Кораб-на Солунска глава:
калезба им ставаш за
посета на Цоцов Камен
ги викаш да дојдат во лето
- изгревот да го видат!
Рожбата на македонската
Вергина.



# РАБОТИЛНИЦА:

## ЛУТЕТЕ СЕ -



**- Ние сме први,**
**- нормално кога ние сме Жирито**

## РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

Ете ти работа. Ние каде е бре што е, што ни се стори со мажето Баге, детулето битолско и херајклејско, а тоа ти било на турнеа. Читај шетанција или нешто слично. Фатен под раката на татка си Тито, решил уште еднаш да ја прокрстари Европа. Како бе? Ами така како што вели Ѓоре Шнајдерот си го зел татка си Тита или Тито сина си Баге и се акаат по градиштата на старата курва Вавилонска. Е.. му мајката живот е ова, а не панаѓур...

* * *

Се молеше, се колнеше вудве се вудвосуваше пусти актер пред келнерот во бифето: " Аман бе жити женати, дај уште една пијачка. Ќе платам кога ти велам.Ене прашај дека јас годинава ќе ја понесам наградата за најдобар глумец. Пари тарапана. Што се сомневаш? Ќе платам, ако не платам јас ќе плати државата. Донеси една пијачка. Не е крава не е вол да загубиш се што имаш. Ракија е обична. Обична, да ја мочаш.

* * *

Годинава театарџиите го напуштија скопскиот стап и се ватија за прилепскиот даб. А, нема повеќе лабаво нека знае Свето, пивара дека дабот си е даб, а стапот стап.

* * *

Се спушти завесата на 42-от МТФ. Во салата скокнаа шнајдерките и сврескаа: "Висидора, Висидора, Висидора! Кројте гајќи со пачајци ќе ни требаат за берење на демократски крастајци. Вика грчкиот шеф и замина на богослужение во Јованова црква.

# КОПРИВАРНИК

# И ТОА Е ЗДРАВО



## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

- Во морето од лаги за кариерата – умре еден на сцената!

- Не пикај го носот насекаде – доколку не си убеден дека со себе носиш дезодоранс!

- Победниците на Фестивалот се познати – победените одамна си заминаа!

- Чуму наградите кога лити се парите?!

- Поради сечењето на липите во Прилеп годинава, претставата на мајмуните мораше да се игра на мали сцени!

## *Мисла на Билтенот*

- Ако не се видиме догодина на 43 -от Фестивал сигурно ќе се видиме на митинзите - почнуваат локалните избори!

## ГРАДЕЊЕ ТЕАТАР

Зградите за театарот скоро готови се целите,
седнете малку – одморете,
а потоа ќе ги поставиме темелите…

***

Кога би престанале колегите –
па ме влечкаат за нос така често
јас меѓу наградените би си нашол свое место.




-Без зборови-



**НА МИЛЕ НЕДЕЛКОСКИ**

Некој рамен на Никој,
однекаде дојден
стави забрана врз своите дела.
Пронајде сомнеж во
твоите драми, достатен за прогон.
Прогон без потпис и печат
- ти чекори зад грбот.
Сенка со сенката твоја се ракува и збори…
Не!
Не свртувај глава,
разаочаран ќе бидеш, од
тие што те следат.
Не видими луѓе.
Луѓе ветар - со маглива лика!
Чуј: глас од небото клика:
тропоти потковицата на
стравот и ужасот.
Не!
Не е тоа глас на Пандур
залегнат во Постели од сенки,
друг е овој глас, рапав,
чиниш Чеклас застанат в грло.
Ха!
Преспанскиот круг со
црвена боја сака да слови;
Можеби за Чуварите на крепоста
и за оние што Подгреваат
вчерашен ручек…
Просто!
Посакуваат гозби.
Ќе гнетат гнетачите меса
од земјата на Лотофогите.
Ќе рускаат, ќе дробат
коски, а на кого?
На Венка, на Талев
можеби на Миле;
Та нели ним и Мисирков
им пречи!
Ако, нека ќе изведри чудо
од оваа земја - библијата
уште еднаш ќе се роди.



**Гледавме:**

**"Чеховски фрагменти"**
сцени од "Вујко вања" и "Три сестри" избор од А.П. Чехов
Испитна претстава по актерска игра
***Класаѿа ја водаѿ:***
Проф. Владимир Милчин
Доц. Сузана Киранџиска

**Играат:**

Симона Спировска, Димитар Црцороски, Кристина Леловац, Ѓорѓи Нешкоски, Сања Арсовска, Јана Стојановска, Мартина Тапарчевска, Емран Куртишова, Петар Стојковиќ, Марија Бејкова, Марјан Ѓорѓиевски, Мартин Јордановски, Благој Веселинов, Анѓелка Арсова, Славица Манаскова.

**Одблиску за претставата:**

ПРОФ. ВЛАДИМИР МИЛЧИН: Се работи за одлична класа. Јас обично на втора година не работам Чехов, чекам трета година, но овие студенти помислив дека можат да го совладаат и во трети семестар и се покажа дека можат. Ова што го виде прилепската публика е дел од испитот кој траеше саат и 45 минути. Всушност, овде беа со таа композиција работена за "Скомрахи", каде некои имаат помали задачи. Инаку сите имаат подеднакво тешки задачи и мислам дека одлично ги остваруваат. Горд сум на нив и мислма дека ќе претставуваат битно освежување за македонскиот театар, исклучително се сериозни, многу сериозно ја сваќаат својата идна професија, многу размилуваат и многу работат.

ДОЦ. СУЗАНА КИРАНЏИСКА: Оваа класа навистина покажа дека може да го совлада Чехов, односно овој тежок материјал. Особено заради тоа што работевме две сложени драми, како што се и сите на Чехов, но "Три сестри" го работевме за прв пат. Она што особено ни е драго е тоа што тие освен што ги совладаа сите задачи што им беа дадени, при подготовката на оваа верзија која ја игравме за "Скомрахи", навистина се покажа дека студентите многу созреаа и сето она што беше побарано од нив го одиграа и тие самите се свесн дека за краток период направија голем напредок.

**Актерите за претставата:**

СИМОНА СПИРОВСКА: Ова ни е трета изведа на оваа претстава, ако не го сметаме тоа за испитот и супер е. Публиката е супер. Студирањето оди супер, сега се поготвуваме за испитот од четвртиот семестар од втора година и се надевам дека ќе биде поуспешно од ова.

ПЕТАР СТОЈКОВИЌ: Во Прилеп, за разлика од досегашните гостувања, навистина ми се допадна пред се заради условите во кои работевме. Второ, ми се допадна и како публиката го прими Чехов, мислам дека публиката просто дишеше со нас. Навистина е предизвик да се игра на еден ваков Фестивал кој е многу реномиран и со долгогодшна традиција, така сметам дека се повеќе треба да бидат инволвирани студенти на вакви манифестации, каде ќе се покажат и алтернативни театарски претстави со ангажман на помладите.

КРИСТИНА ЛЕЛОВАЦ: Искуството од овие претстави е непроценливо важно, драгоцено. Настапувавме и на "Скомрахи" и во Кочани. Публиката во Прилеп е неверојатна, многу интересна. Регираше на нешта на кои скопската и кочанската публика

не реагираше. Многу убава публика, срдечна.
ЃОРЃИ НЕШКОСКИ: При градењето на улогите имаме подршка од професорите бидејќи сме студенти. Со наша работа и помош од професорот придонесе за овој голем успех, кој ми е многу мил. Прекрасно искуство од гостувања и секаде бевме топло пречекани од публиката и навистина сум среќен поради тоа.

**Публиката за претставата:**

- Чиста десетка за сите.
- Супер, одлична претстава, ми се допадна се.
- Добра беше, текстот е од Чехов , а и младите беа добри.

---

**Блиска средба со:**

## Димитар Црцороски



Димитар Црцороски е студент на ФДУ во класата на проф. Владимир Милчин и доц. Сузана Киранџиска. Пред прилепската публика во рамките на придружната програма, студентите играа Чеховски фрагменти од "Вујко Вања" и "Три сестри", испит по актерска игра од трет семестар.

***Какво беше искуството од учеството во оваа претстава?***

- Многу добро заради тоа што на почетокот иако тргнавме многу уплашено, се случи да изгледа се добро, да бидеме премногу задоволни од овој испит. Со оваа испитна претстава гостувавме и во Кочани и еве тука во Прилеп. Игравме и на "Скомрахи". Сите три публики реагираа различно. На моменти прилепската публика реагираше комично на Чехов.

***Како одат студиите?***

- Не смеам да се пожалам бидејќи факултетот дава можности за соработка и колку повеќе се трудиш, повеќе се усовршуваш. Професорите пред се ги чувствуваме како луѓе кои сакаат да ни го пренесат занаетот и како блиски, кои сакаат да ни помогнат.

***Ги играше ликовите на Војницки и Кулигин? Која беше водилката при градење на ликовите?***

- Потешкотијата ми беше тоа што играв два лика и малку се изгубив помеѓу двата лика. Ми се изгуби малку ликот на Војницки, но се обидов да дадам поголем жар во неговиот лик и се доби тоа што требаше. При градењето на ликовите многу ми помага искуството во животот и некои системи во приватниот живот.

***Какво е твоето актерско искуство?***

- Пред да се запишам на факултетот игарв во прилепскиот театар во 5 претстави аматерски и младински. Имам голема соработка и дружење со колегите.

***Твоите планови и дали ќе се вратиш во Прилеп?***

- По завршувањето на студиите најнапред ќе се вратам во Прилеп, а потоа ќе размислам. Тука сакам да оставам нешто, во матичниот театар каде и беа моите актерски почетоци. А потоа ќе видиме!

***Зошто токму определбата за актер?***

- Почнав со моите другари да доаѓам во театарот и едноставно влезе"чивијата" во нас и немаше враќање.

***Како прилепчанец се чувствуваше ли привелигиран и горд пред публиката?***

- Бев многу исплашен вечерва. Сакав да се покажеме во најдобро свело поради тоа што сум прилепчанец. Ми беше многу мило. Привилегијата повеќе ја чувствував како одговорност.

***Имаше ли можност да проследиш некоја од претставите на Фестивалот?***

- Немав можност заради обврските на факулет. Само што пристигнавме за претставата одма си одиме. Моментално сме ангажирани и на испитот по актерска игра од 4-от семестар по текстови на Плауд. Работиме по четири текстови на Плауд и тоа е некој вид контаминација на Плауд. Ни претстои уште еден месец работа на испитот.

***Тешко ли е ?***

- Кога се работи со одговорност кон факултетот и љубов кон театарот ништо не е тешко.

# ГОДИНЕШНА ОДЛУКА ЗА НОСИТЕЛИТЕ НА НАГРАДИТЕ

# О Д Л У К А

ОЦЕНУВАЧКАТА КОМИСИЈА НА 42-ОТ МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" ПРИЛЕП, ВО СОСТАВ: БРАНКО СТАВРЕВ-ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИТЕ ЕЛХАМЕ БИЉАЛИ И БЛАЖЕ МИНЕВСКИ ГИ ДОДЕЛУВА СЛЕДНИТЕ НАГРАДИ:

1. НАГРАДА ЗА РЕКЛАМЕН МАТЕРИЈАЛ СЕ ДОДЕЛУВА НА **ВЛАДО ЃОРЕВСКИ** ЗА РЕКЛАМНИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД ПРЕТСТАВАТА **"ТАРТИФ"** ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД ШТИП.

2. НАГРАДА ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА СЕ ДОДЕЛУВА НА **АЛЕКСАНДРА ПЕШЕВСКА** ЗА КОРЕОГРАФИЈА И СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА ВО ПРЕТСТАВАТА **"ОБИДИ"** НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД КУМАНОВО.

3. НАГРАДА ЗА МУЗИКА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ГОРАН ТРАЈКОВСКИ** ЗА МУЗИКАТА ВО ПРЕТСТАВАТА **"МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ"** НА ДРАМСКИ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ.

4. НАГРАДА ЗА КОСТИМОГРАФИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **МАРИЈА ПУПУЧЕВСКА** ЗА КОСТИМИТЕ ВО ПРЕТСТАВИТЕ **"РЕВИЗОР"** НА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР -СКОПЈЕ И КОСТИМИТЕ ВО ПРЕТСТАВАТА **"ЛАВИРИНТИТЕ НА СЕЌАВАЊЕТО"** ВО ИЗВЕДБА НА АЛБАНСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ .

5. НАГРАДА ЗА СЦЕНОГРАФИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ТИХОМИР СПИРОВСКИ** ЗА СЦЕНОГРАФИЈАТА ВО ПРЕТСТАВАТА **"МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ"** ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

6. НАГРАДА ЗА МЛАД АКТЕР "ТРАЈКО ЧОРЕВСКИ" СЕ ДОДЕЛУВА НА **ВИКТОРИЈА СТЕПАНОВСКА** ЗА УЛОГАТА НА **ТАЊА** ВО ПРЕТСТАВАТА **"ЧЕТВРТАТА СЕСТРА"** А ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ ОД ПРИЛЕП.

7. НАГРАДА ЗА ЖЕНСКА ЕПИЗОДНА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ФИЛИЗ АХМЕТ** ЗА УЛОГАТА НА **БРУК, ВИКИ И АКТЕР** ВО ПРЕТСТАВАТА **"ЗАД КУЛИСИ"** ВО ИЗВЕДБА НА ТУРСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ.

# НА 42-иот ФЕСТИВАЛ “ВОЈДАН ЧЕРНОДИНСКИ”

8. НАГРАДА ЗА МАШКА ЕПИЗОДНА УЛОГА"ДИМЧЕ ТРАЈКОВСКИ" СЕ ДОДЕЛУВА НА **ИГОР АНГЕЛОВ** ЗА УЛОГИТЕ НА **ВЕСЛИ** ВО ПРЕТСТАВАТА "**ПРОКЛЕТСТВОТО НА ИЗГЛАДНЕТАТА КЛАСА**" ВО ИЗВЕДБА НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД ВЕЛЕС И ЗА УЛОГАТА **ИВАН ПАВЛОВИЌ** ВО ПРЕТСТАВАТА "**ЧЕТВРТАТА СЕСТРА**" НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ ПРИЛЕП .

9. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА МАШКА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **МУЗБАЈДАН ЌАМИЛИ-МУЧИ** ЗА УЛОГАТА НА **ЛИРАК** ВО ПРЕТСТАВАТА "**ЛАВИРИНТИТЕ НА СЕЌАВАЊЕТО**" А ВО ИЗВЕДБА НА АЛБАНСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ

10. НАГРАДА ЗА ГЛАВНА ЖЕНСКА УЛОГА СЕ ДОДЕЛУВА НА **ЗОРИЦА СТОЈАНОВСКА** ЗА УЛОГАТА НА **ЕЛМИРА** ВО ПРЕТСТАВАТА "**ТАРТИФ**" НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД ШТИП

11. НАГРАДА ЗА ТЕКСТ СЕ ДОДЕЛУВА НА **АВНИ ХАЛИМИ** ЗА ТЕКСТОТ "**ЛАВИРИНТИТЕ НА СЕЌАВАЊЕТО**" А ВО ИЗВЕДБА НА АЛБАНСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

12. НАГРАДА ЗА РЕЖИЈА СЕ ДОДЕЛУВА НА **САШО МИЛЕНКОВСКИ** ЗА ПРЕТСТАВАТА "**МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ**" НА ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ.

13. НАГРАДАТА ЗА УМЕТНИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВА ВО ЦЕЛИНА И СЕ ДОДЕЛУВА НА ПРЕТСТАВАТА "**МАКЕДОНСКИ РУЛЕТ**" ВО РЕЖИЈА НА САШО МИЛЕНКОВСКИ ВО ИЗВЕДБА НА ДРАМСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ.

ПРИЛЕП 7 ЈУНИ 2007 год.



ОЦЕНУВАЧКА КОМИСИЈА
1.Бранко Ставрев - Претседател
2. Елхаме Биљали - Член
3. Блаже Миневски - Член



*Театарот не е место за седење и дремење. Место за средби и тоалети. Место за дремење во убави седишта. Место на кое се кршат копјата за или против вистината. Театарот е место каде се соочуваме со себе си, своето време, своите состојби, место каде се зборува за идентитетот, потеклото на народот и неговата култура. Театарот е место каде се соочуваат вистината и народот на кој му припаѓа тој. Театарот ги врамува општествените судири на своето време и на својот народ. Тој е совест на општеството. Место за слободен дух. Интелектуален предводник. Театарот е свето место. Но, не е се театар, што се истопорило на сцената. Не е доволно да имате сцена и на зградата да пишува театар. Има една линија под која театарот нема смисол и е рамен на естрадата, циркусот. И грев е да се забранува театарот?... И ние како Македонци имаме долг кон театарот кој во светиот македонски град во Дион ги започнал своите европски траења... од чествувањата кон мајката Божја, јасното сонце, пеаните на Аполона и Дионисовите слави и прослави....*

*Извадок од "Бакни ме Чернодрински"*
*од Тихомир Стојановски*

## ***Ќе гледате:***

## **Четврток:**

*ЦК “Марко Цепенков” - 20.00 часот*

Доделување на наградите и

свечено затворање на Фестивалот

**“ГЛУМЦИТЕ ПЕАТ”**

Билтен на 42 МТФ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
За издавачот: Петар Темелковски
Уредува - Редакција: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Златка Пурковиќ
Фотографии: Светлана Ристеска и Каролина Мицевска
Илустрации: В. Костов
Печати: „ТИРЕКС” - Прилеп

Македонски театарски фестивал
**„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
Дом на културата „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

## *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

# 42 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

***Покровители:***
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Бранко Ѓорчев - Драмски театар,
Горан Илиќ - НТ Куманово,
Драган Маџиров - НТ Струмица,
Јордан Витанов - НТ Велес,
Кирил Ристоски - ФДУ,
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади
Наџи Шабан - Турски театар Скопје
Осман Ахмети - Албански театар Скопје
Сашо Огненовски - НТ Битола
Сенко Велинов - МНТ
Тони Чатлески - НТ Прилеп
Трајче Кацаров - НТ Штип

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - претседател
Бранко Ѓорчев - член
Горан Илиќ - член
Осман Ахмети - член
Сашо Огненовски - член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Блаже Миневски - драмски писател,
Бранко Ставрев - режисер,
Елхаме Биљали - актер

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски